Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KЁSHILLI GJYQЁSOR I REPUBLIKЁS SЁ MAQEDONISЁ SЁ VERIUT**

ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Судскиот совет на Република Северна Македонија врз основа на член 47 став 5 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19) објавува

**О Г Л А С**

- **За избор на претседател на Апелационен суд Штип**
- **За избор на претседател на Основен суд Битола и**
- **За избор на претседател на Основен суд Крушево.**

Кандидатите за избор на претседател на суд треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 45 и член 47 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19).

Заинтересираните кандидати пријавата заедно со потребната документација во оригинал или заверена копија од нотар да ги достават до Судскиот совет на Република Северна Македонија, ул.Македонија бр.5 Скопје, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во Службен весник на РСМ. Образецот за пријава може да се подигне во електронска форма на web страната на Судскиот совет на Република Северна Македонија на следната адреса: http://www.sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/izvestai/ostanati-dokumenti. Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите полагаат психолошки тест и тест за интегритет согласно член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.150/10). Од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија ќе бидат спроведени психолошкиот тест и тестот за интегритет за кандидатите кои ги немаат положено тестовите, како и проверка на знаење на практична работа со компјутери. По однос на термините за полагање на тестовите и проверка на знаење на практична работа со компјутери, кандидатите ќе бидат дополнително известени од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Трошоците за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет паѓаат на товар на кандидатите.

**Бр.09-1235/2 од 08.07.2022 год.**
**Бр.09-1263/2 од 11.07.2022 год.**
**Скопје**

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Павлина Црвенковска**